**20192744267**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 16 став (5) и член 30 од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), министерот за информатичко општество и администрација донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС ОД ОСИГУРУВАЊЕТО ОД ЕВЕНТУАЛНАТА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ИЗДАВАЧОТ И МИНИМАЛНИОТ ИЗНОС ИЛИ ВИДОТ НА ПОКРИТИЕТО НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД РИЗИКОТ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРИЧИНЕТА ОД СТРАНА НА ДАВАТЕЛОТ НА КВАЛИФИКУВАНА ДОВЕРЛИВА УСЛУГА

Член 1

Со овој правилник се утврдува најнискиот износ од осигурувањето од евентуалната штета предизвикана од издавачот на регистрирана шема за електронска идентификација и минималниот износ или видот на покритието на осигурување од ризикот од одговорност за штета причинета од страна на давателот на квалификувана доверлива услуга.

Член 2

Најнискиот износ за финансиски средства како покритие за надомест на штета предизвикана од издавачот на шеми за електронска идентификација е 200.000 евра во денарска противвредност или полиса за осигурување од професионална одговорност.

Најнискиот износ за финансиски средства како покритие за надомест на штета од употреба на шеми за електронска идентификација е 200.000 евра во денарска противвредност или полиса за осигурување од професионална одговорност.

Член 3

Најнискиот износ на осигурување од одговорност на давател на квалификувана доверлива услуга е 50.000 евра во денарска противвредност по квалификувана доверлива услуга.

Доколку давател на квалификувана доверлива услуга ги обезбедува сите квалификувани доверливи услуги, најнизок износ кумулативно за сите квалификувани доверливи услуги е 200.000 евра во денарска противвредност.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11/1-4031/5
25 декември 2019 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
**Дамјан Манчевски,** с.р.